РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

ПЛОШТАД "МАЈКА ТЕРЕЗА" Б.Б., 6330 СТРУГА / SHESHI "NËNË TEREZA" P.N., 6330 STRUGË
Тел./Tel. +389 46 781 335, 781 225, 782 015, Факс/Faks 781 494
web: struga.gov.mk, e-mail: kryetari@struga.gov.mk, info@struga.gov.mk

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

| Примено / Pranuar | 26.09.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орган. единица / Njësia organizative | Број / Numër | Прилог / shtesë | Вредност / Vlera |
| 08- | 3655/1 | | |

# БАРАЊЕ / KËRKESË

Од лицето:
Nga personi: Komiteti i shkollës në emër „Vëllezërit Milladinov"

Адреса:
Adresa: rrug. Brigadat proletare nr 51

Телефон за контакт:
Telefon për kontakt: 070 564 360

Unë i poshtë shënuari drejtor i komitetit komunal „Vëllezërit Milladinov" po dorëzoj kërkesën komunal programin për punë për vitin 2024/25.
Bashkë me programin e dorëzoj edhe procesverbalin e mbajtur më 13.09 të vitit 2024

Струга, / Strugë
26.09 2024

Подносител на барањето./ Parashtrues I kërkesës
Emër Emër

ОПШТИНСКО УЧЕНИЧКО ДОМ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" „Ѕ. МИЛАДИНОВЦИ"
Бр. 03-48/1
13.09.2024 година
Струга

1.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работа на воаспитно - образовната дејност на Домот
во учебната 2024/2025 год.

Општински ученички дом вБраќа МиладиновцигСтруга, на ул. Пролетерки Бригади 51, е воспитно образовна установа , која својата работа ја остварува според планот и програмата за воспитно - образовната дејност во ученичките домови донесена со Решение на Министерство за образованиебр.18-4071/2 од 01.10.1999 год.Со давање одлука за согласност на Статутот на ученичкиот дом „Браќа Миладиновци„Струга Донесен на управниот одбор со бр:03-25/1од 17-12-2021 год. Ова одлука стапи во сила од 30-12-2021 год.од советот на Општина Струга со бр:08-4788/14 .

Домот е сместен во кругот на СОУ вНико Несторг Струга во сопствената зграда П+3 со капацитет од 30 соби со по 4 кревети, распоредени на три спрата. На секој спрат по една занимална умивалници, три купатила и три веце.

Во приземјето се сместени административни канцеларии, библиотека, ТВ сала, кујна со трпезарија, магацини за храна и текстил, работилница и котлара за греење на просториите и греење на санитарна вода, како и холот културно уреден двор. Во непосредна близина на Домот се наоѓа спорската сала и отворено кошаркарско и ракометно игралиште.

Од горе наведеното и според Законот Општинскиот ученичкиот дом вБраќа Миладиновциг - Струга, ги задоволува одредени социјални потреби на учениците како што се: сместување, исхрана, грижа за здравјето, спорско рекреативни и др. активности.

Во општинскиот ученичкиот дом вБраќа Миладиновциг се сместени ученици кои учат во СОУ вНико Несторг Ѣ Струга и Др., Ибрахим Темог претежно од градежната струка ниско и високо градба и геодезија, Медицина, Хемиски техничари, хемиски лаборанти, угостителско и Музичко) како на македонски така и албански наставен јазик, а од 2002 год. и гимназиската паралелка на турски јазик.

Бидеќи ученичкиот дом е составен дел на воспитно образовниот систем во нашата земја и во услови на брз и

2.

динамичен развој на науката и технологијата се грижи за создавање услви и можности за индивидуален и социјален развој на учениците, оспособувајќи ги за натамошно образование.

Од горе наведената општа целина , за воспитаниците ученичкиот дом ги има и следните посебни цели:

Обезбедување здрав физички, ментален и социјален развој на учениците.

- Да развива одговорен однос спрема работата.
- Да воспоставува хумани односи меѓу половите и почитување равноправност меѓу половите.
- Да ги воспитува учениците врз начелата на демократски морал и културна толеранција и разбирање.
- Создавање можности за задоволување и развој на индивидуалните способности на поединецот.

Освен тоа во рамките на својата воспитно образовна дејност ученичкиот дом посебно работи на:

- Обезбедување современа технологија и организација за самостојно и групно учење.
- Создавање пријатна социјална атмосфера во Домот како целина и меѓу учениците во одделни воспитни групи и развивање чувство за заеднички живот и работа. Задоволување и развивање на образовните и културните потреби на учениците. Збогатување на формите на спорско и рекреативно живеење на учениците во Домот. Создавање навики за правилно самостојно и организирано користење на слободното време преку организирани културни, уметнички, спорски, рекреативни и др. активности.

Перманентна соработка со родителите и училиштето.

Наведените цели и задачи ќе се остваруваат и раелизираат преку Основните Програмски подрачја на воспитно образовната работа:

- Физичко и здравствено воспитание
- Интелектуален развој на учениците.
- Естетско воспитување.
- Работно воспитание и општествено корисен труд.
- Граѓанско воспитание.

3.

**Физичко и здравствено воспитание**

Физичкото и здравственото воспитување во голема мера може да влијае позитивно врз растот и развитокот на учениците, да се формираат во физички здрави личности кои ќе можат да преземаат акции за поздрав живот.

Затоа ова година Домот заедно со воспитуваците ќе му даде посебен акцент на физичкото и здравственото воспитание кое може да одигра главна доминантна улога во правилното воспитување на учениците.

За подобра реализација на ова воспитно подрачје Домот ќе се спреми да обезбеди :

- повеќе инфирмации за здравјето и негово унапредување.
- развивање на трајна потреба на физичка култура и здрав начин на живеење базиран врз современите свајќања за неговата улога.
- запознавање со улогата и значењето на хуманитарните организации и доброволното даривање на крв.
- оспособување на учениците да вршат самоконтрола на кондиционите способности и дозирање на напорот.

На талентирани ученици да им овозможи натамошно спортување во поодделни спорски друштва и клубови. Следење секојдневни спорска активност на учениците како во Домот така и во училиштето.

**Да се формираат и негуваат хигиенски навики.**

За реализација на овие задачи Домот на почетокот на секоја учебна година се запознава со здравствена состојба на учениците преку биографски податоци, разговори со самите ученици и нивните родители.

Секоја година се вложува средства за подобрување на условите за одржување на личната и амбиенталната хигиена, култура на исхрана, запознавање со заразни болести и преземање мерки на превенција , безбедност и прва помош, сексуално образование, дрога, алкохол и пушење. Припрема на учениците за спорската лига во мал фудбал, кошарка и пиг понг

4.

**Запознавање со хуманитарните организации.**

Светската здравствена организација и нејзиното значење, значењет и улогата на црвениот крст и зелената полумесечина значењето на кеводарителсвото, давањето помош на луѓе во невоља и сл.

Од сето ова произлегува дека грижата за здравјето на учениците и физичките способности остануваат и натаму елементарна постапка на физичкото и здравсвеното воспитание.

За сето ова да се реализира Домот секоја година во склоп на своите можности вложува материјални средства за подобрување на сместување, хигиенски услови, спортските терени.Преку специјализираната детска амбуланта во непосредна близина на Домот, со школски лекар и денталог се вршат систематски прегледи и предавање од областа на здравјето, зависност од алкохол и дрога, заштита од сида и др.

## ИНТЕЛЕКТУАЛЕН РАЗВОЈ НА УЧЕНИЦИТЕ

Цел на интелектуалното воспитување е ученикот што поуспешно да ја совлада наставната програма, како би можел да ја запознае и открие вистината и да формира личен и одговорен однос кон неа.

Да се адаптира на новите услови во Домот како што е задолжителното учење во одредено време и место.

На тој начин Домот продонесува во формирањето на личноста на ученикот, на развојот на интелектуалните способности. За да може Домот да ја реализира поставената цел од интелектуалното воспитување треба воспитно образовната дејност да ја насочи кон остварување на сл. задачи.

5.

Во домот ученикот треба да научи како треба да се припрема за настава, што всушност е знаењето и како најлесно да се усвои , како да се однесува кога ќе доживее неуспех. Да ги мотовора во учење и смислата за продлабочување и проширување на соодветното образование и култура. Да ги развива способностите за самостојно проверување
на резултатите од работата и упорноста за самостојно и успешно решавање на поставените задачи и проблеми. Да ги проширува своите знаења да формира научен поглед кон светот,да ги развива работните навики ,мотивот за
постигнување успех , но за тоа е потребно да се обезбедат одредени прдуслови и тоа ;

Предуслов за успешна реализација на поставените задачи е задолжително присуство на обавезните занимања на кое обавезно е присутен воспитувачот , кој им помага на оние ученици кои покажуваат послаб интерес во совладувањето на предметната настава но задачата на воспитувачот е и во откривањето и препознавањето на талентирани ученици и нивниот понатамошен напредок.

Значајна е соработката на воспитувачите со родителите, класниот раководител , а особено со предметниот наставник , особено ако ученикот покажува надпросечни резултати (за талентираните) како и кај оние кои покажуваат слаби резултати ( откривање на причините за тоа и можности тоа да се надмине.

## ЕСТЕТСКО ВОСПИТАНИЕ

Крајна цел на естетското воспитание е ученикот да се оспособи и навикне во животот и работата и самиот да создава естетски вредности да биде творец на убавото, да облагодарува да ги направи нештата посодржајни, поубави, посреќни. или со други зборови, естетското воспитание преставува таков процес преку кој се изградува и развива естетска култура кај човекот, преку кое тој се оспособува да го забележува, да го сваќа, да го проценува, да го доживува убавото во природата , во животот, работата и во творештвото. Преку ова воспитно подрачје треба да се:

6.

- Формираат способности и навики кој учениците за прифаќање и доживување на естетското.

- Способност за внесување убаво во секојдневниот живот.

- Слушање на класична, забавна и народна музика, посета на изложба, театар, тв итн.

- Разговори за естетско обликување на телото.

- Разговор за прочитани книги, гледан филм и театарска престава, концерти изложби итн.

- Излети во природа.

## РАБОТНО ВОСПИТАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНО КОРИСЕН ТРУД.

Цел на ова подражје е ученикот да сфати дека трудот е извор на сите вредности. Преку работата учениците ги применуваат своите знаења, вештини и навики и истите ги прилагодуваат во колективниот живот и работа во Домот со што му дава нова вредност. и во ова воспитно подрачје улогата на воспитувачот е најдоминантна. Тој треба да ги мотивира учениците за учество во општествено корисна работа како што се:

Секојдневната обврска во Домот (местење на креветот, уредување на собата, самопослужување во трпезарија, припрема за настава, одење на училиште, вклучување во слободните активности, уредување на домските простории, дежурство во портирница).

- Општесвено корисната работа се остварува со практична работа на учениците во Домот (помошна хаус мајсторот во поправка на оштетени предмети (мебел и сл.), помош во спремање на занимални, уредување на домскиот парк, игралишта и сл.).

7.

Ангажирањето на учениците надвор од Домот може да биде со учество во работните акции чистење на градот и околината, светскиот ден на Екологијата - пошумување тн.

Работата во Домот треба да биде добро испланирана и организирана и да произлегува од конкретни потреби на Домот.

## ГРАЃАНСКО ВОСПИТАНИЕ

Целта на граѓанското воспитание е Ученичкиот дом да придонесува кон индивидуален развој на учениците во склад со хуманистичките и современите вредности.

Задачите на Програмата за граѓанско воспитание се учениците да се запознат со:

Највисоките човечки индивидуални и општествени вредности правилата за добро однесување во Домот,на улица, забави и други јавни маеста.

- Критериумите за оценување на моралните и неморалните постапки.

Активностите во рамките на граѓанското воспитание може да се групираат во неколку области со соодветни содржини. Воспитување на хуманистички вредности: одговорност придобивките од одговорноста, приватност и разлики во однесувањето, почитување на сопственото достоинството на другите. Најавување на позитивни меѓучовечки односи во воспитните групи, во формални и неформални групи.

## МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ:

- Што е мировно образование?
- Дали има потреба од мировно образование?
- Кој може да има корист од мировното образование?
-Кои се нашите цели приедукацијата за мир, за реализација на содржините од граѓанското воспитание, воспитувачот треба да биде подготвен да ги води и насочува темите и предавањето,

да направи распоред за посета на изложби, музеи, заедно да го уредуваат зидниот весник, посета на историски и културни споменици. По можност да се организира и ученички домски парламент, преку кого учениците сами ќе решаваат прашања и програми од секојдневниот чивот и работа во Домот.

## УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНИТЕ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

### 1.ОПШТИ УСЛОВИ

а) Материјални услови

За да може со успех да ја реализира својата воситно образовна функција, а и како установа од посебен општествен интерес, ученичкиот дом вБраќа Миладиновциг, Струга во соработка со МО и со залгањето на целокупниот персонал во последните години перманентно ги подобрува условите за престој на учениците.

Домот располага со сопствена зграда изработена од цврст материјал и три ката со вкупно 30 спални со по 4 кревети. Собите се реновирани со нови прозори, врати, кревети, пердиња, корнизи а на први и втори спрат и нови шкафови,на први спрат е реновирано со ламинат, паркет теписони. На секој спрат има занимални за задолжително учење, санитарен чвор со нови порцелански чучавци, врати и прозори, купатило со нови прозори.

На секој спрат простории за индивидуална работа со воспитаниците. Во приземјето се наоѓа нова ТВ сала, сала за состаноци опремена со еркондишен, воспитачка канцеларија и три административни простории, работилница, магацински простор, перална. Кујна со трпезарија, опремена со еркондишни, сопствена котлара за загревање на сите простории.

Посебен санитарен чвор за потребите на персоналот и просторија со еркондишен и загревање на санитарна вода за одржување на личната хигиена. Домот исто така располага и со холтикуларно уреден двор, фонтана осветлена со рефлектори и патеки со бекатон.

Домот во својата боблиотека покрај лектирините изданија има стучно педагошка -психолошка литература. Од горе наведеното може да се констатира дека со новите реновирања оптимално се задоволени воситно образовните и културните потреби на учениците кои одговараат на новите здравствено - хигиенски стандарди.

б) Кадровски услови

потреби на учениците кои одговараат на новите здравствено - хигиенски стандарди.

б) Кадровски услови

9.

Сруктурата на кадрите во Ученичкиот дом е значаен предуслов за успешно остварување на општествената и педагошка функција во Домот. Меѓутоа во последните години како последица на намалување на учениците сместени во Домот, со Законот за предвремено пензионирање и новиот начин на финансирање по број на ученици ,драстично се промени кадровската структура во Домот.

в) Воспитната служа ја сочинуваат двајца воспитачи и директорот на Домот, чија непосредна активност и работа спаѓа во тој делокруг.

Директор Енис Зиба проф. по Одделенска Настава

Воспитувач Валдрин Хоџа дип.правник

Воспитувач Ермир Дани дип.правник

Административно финансиската служба има еден вработен.

Економ магационер Алил Тела средно економско.

Во техничката служба се вработен□ седум работници

Во кујната е Гулицоска Валентина сред.градежно и положен курс за кувар

Велика Бебекоска основно положен курс за кувар.

Фатиме Мустафоска основно хигиеничарка.

Сузана Солакоска основно хигиеничарка.

Фитни Мазари основно е хауз мајсто, Куштрим Положани Чувар со со средно текстилно образование.

Кујната е добро опремена и ги задоволува основните просторни, хигиенски и др. услови за работа.

## ПЕДАГОШКИ УСЛОВИ

а) Воспитни групи :

Пред почетокот на учебната година Советот на воспитувачите ги врши подготовките за прием на ученици во Домот. Секој Воспитувач врши контрила на исправноста на инневентарот и хигиената во спалните во кој ќе бедат сместени

по следните критериуми: година на школување и посета на наставата.

Преглед на составот на воспитните групи и одговорни воспитувачи

| Во. гр. | вку | м | ж | Македонци | алба | турци | клас | одгов.воспитувач | школ. Подготовка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *1.* | 32 | 18 | 14 | 5 | 19 | 4 | **1** | Валдрин Хоџа | Високо стручно образобање. |
| *2.* | 32 | 20 | 12 | 5 | 25 | | **2** | Ермир Дани | Високо стручно образобање. |
| *3.* | 32 | 22 | 10 | 2 | 27 | 1 | **3** | **Енис Зиба** | Високо стручно образование. |
| | | | | | | | | | |
| вк | 88 | 52 | 36 | 12 | 71 | 5 | | | |

За успешна реализација на целокупната работа на воспитните групи секој воспитувач изготвува програма за работа со воспитната група, а која е во слкоп со Програмата за работа на Домот. Секој воспитувач на почетокот на учебната година ги запознава учениците со организацијата на животот и работата на учениците во домот.

Ги запознава со условите за сместување, со здравствените со хигиенските навики, со просториите за воспитно образовната работа.Најчести форми кои би се користеле за работа во воспитни групи се : индивидуална, групна, работа во парови, панел дискусија, фронтална работа и сл.

Најчести методи кои ќе се применуваат:

- Метод на подучување.

-Ќе се применува во облик на објаснување, разговори, предавања, дискусии и сл.

11.

- Метод на подучување

-Ќе се применува во облик на објаснување, разговори, предавања, дискусии и сл.

- Метод на уверување

Се применува како свесна интеракција меѓу субјектот и околината со цел да се пренесе потребата во промена на однесувањето.

- Метод на навикнување

Доаѓа до израз преку работните активности како што се учење, чистење, самопослужување, дежурство и сл.

- Педагошки мерки

Како и во сите сфери на живеење во кои постојат утврдени норми и правила на однесување, така и во ученичкиот дом постојат соодветни мерки кои се преземаат со цел да се изврши санкционирање на одредени постапки. Најчести мерки кои ги користат воспитувачите се насочување, потикнување и спречување, се со цел подобар облик на однесување. Потоа пофалбата, наградата и признавањето на грешка се користи како педагошка мерка за да потикниме одреден интерес, активност, однесување и сл.

Мерите за спречување се користат најчесто како предупредување , следење, а во крајна линија и казнување се применуваат кога се забележува некое поведение кое е пожелно да се прекине. Сето тоа треба да биде педагошки промислено, за да не предизвика спротивни ефекти.

## СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ

Како социо-воспитна установа, во која учениците целосно ги задоволуваат своите био-социјални, животни и педагошки потреби, Домот дава широка можност, поголем дел од слободното време со сите свои компоненти (одмор, забава, разонода), да стане погоден за позитивно влијание врз здравјето, физичкиот и менталниот развиток, изградување на морални особини на волјата и карактерот на личноста и креативноста, создавање разновиден богат и содржаен живот. Во сообразност со интересите, склоностите, потребите на учениците како и просторните , материјалните услови и кадровската опременост,

во Домот можат да се организираат следните слободни ученички активности:

- ЛИКОВНА СЕКЦИЈА
- ЕКОЛОШКА СЕКЦИЈА
- СПОРСКА
- ШАХОВСКА

Бројот на учениците во слободните активности односно секции се движи од 15 во фудбалската (спорско-рекреативна) со тоа што еден воспитаник може да учеатвува најмногу во две секции).

Слободните активности се организираат на тој начин што секоја секција избира свое раководство, прави план и програма за работа, во одредени временски периоди врши валоризација наработата. Воспитувачите се задолжени да помагаат со стручна помош во реализирањето на програмските содржини на слобордните активности.

## ДОМСКА ЗАЕДНИЦА

Во ученичкиот дом учениците се организираат низ следните форми на работа.

Воспитна група - која се формира на почетокот на учебната година , избира свое раководство , разни комисии кои работаат по однапред изготвен план и програма , а се состануваат двапати месечно, а по потреба и повеќе пати на чии состаноци се разрешуваат прашања и проблеми од секојдневниот живот. Домската заедница ја сочинуваат сите ученици во домот, избира свое раководство и разни комисии , работи по однапред изготвен план и програма , има одговорен воспитувач , се состанува еднаш месечно и работи самостојно . На седниците се разгледуваат прашања за успехот и подобрување на истиот, развој на слободните активности разгледување на програмата и извештајот за работа , законот за средно образованье и др.

## ОПШТЕСТВЕНО-КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Задачите на општествено - културната дејност се Домот да ги согледа, открие и примени можностите на средината што можат да помогнат или влијаат на подобрување на квалитетот на воспитно - образовната работа. Да им овозможи на учениците

постепено да се запознаваат со јавните и културните институции и објекти во средината и даги оспособува да ги користат како за време на школувањето така и во слободното време како што се: Природно-научниот музеј Др. Никола Незлобински, галеријата на Вангел Коѓоман во која редовно се одржуваат изложби од реномирани уметници.

Спомен домот на вБраќа Миладиновциг, Домот на култура со градската библиотека, културно уметничкото друштво вМоја Стругаг, Затворениот пливачки клуб и др.рекреативно излетнички места.

Еколошкото друштво во состав на СОУ вНико Несторг.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ

Соработката со родителите од година во година зазема се позначајно место во работата на Домот, бидеќи голем број на ученици сместени во домот за прв пат се оделиле од семејството, другарите, пријателите и родното место. Со цел да им укаже помош во адаптацијата на новата средина, Домот соработката со родотелите и семејството ја одвива во две насоки е тоа:

Меѓусебно информирање на ученичкиот дом и родителите и ангажираност на родителите во остварувањето на задачите на домот. Родителите се информираат за тоа како и во какви услови работи нивното дете , како се одвива неговиот психо физички и социјален развиток , неговата адаптација социјализација и самостојност во новите услови за живот и работа какви се резултатите на неговото учење и поведење и сл. Родителите пак го информираат Домот за родното место на ученикот , материјално економски ,општествени и културни услови на семејството , положбата на ученикот во семејството и неговиот психо социјален статус.Соработката со родителите се се остварува низ следниве форми :

- Индивидуални разговори
- Домашни посети
- Групни разговори

Родителски состаноци во соработка соСОУ вНико Несторг

Учество на родителите во органите и телата на Домот регулирано со Законот за ученички и студеенски стандард.

14.

## СОРАБОТКА СО УЧИЛИШТЕТО

Соработката со центарот за средно образование вНико Несторг Струга, е многу значајна работа на ученичкиот дом вБраќа Миладиновциг Струга. Соработката со Центарот за средно образование вНико Несторг Струга, бидеќи сме во исти двор, се остварува низ повеќе форми и активности.

Меѓусебно запознавање со условите и организацијата со животот и работата во училиштето и Домот.

Соработка при програмирањена заеднички активности

Соработка при следење на успехот и напредување на учениците на образовен воспитен план. Активна соработка со наставниците , воспитувачите и др. преставници на Домот и училиштето преку учество на стручните органи на истите.

Соработка при организирање на слободните активности

## ПОВРЗАНОСТ СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Домот ќе настојува на потесната и на поширокатајавност да ги презентира воспитно- образовните резултати кој ги постигна и на тој начин постојано да се афирмира и потрдува на воспитно образовен и културен план во средината каде штживее и работи. Во таа смисла и во оваа учебна година Домот со пригодни воспитни содржини, ќе ги одбележи нај значајните датуми од нашето подалечно и поблиско минато,патрониот празник, ќе се јави во улога на организатор или соорганизатор на други општествени активности.

## ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во Домот се обезбедуваат здравствено хигиенски услови за престој преку секојдневно одржување општа и лична хигиена. Секојдневно чистење и уредување на спалните, занималните и др. простории во Домот. Секојдневни дезинфекции на садовите и приборот во кујната, занимални и санитарни јазли. Двапати годишно ( во септември и јануари) систематски преглед на персоналот до кујната.

15.

## ИСХРАНА НА УЧЕНИЦИТЕ

Исхраната на учениците зазема значајно место во работата на Домот и зато се стреми да ги задоволиоптимално потребите на учениците од калорична вредност и витамински состав на иахраната, толку многу потребен во нивниот раст и развој. Просториите во домот кои се користат за исхрана на учениците (кујната , трпезаријата, магацините за прехранбени продукти се на завидно ниво.

## РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Ќе одвива во рамките на постоечките Закони, програмата за работа на Домот, воспитно образовната работа во Домот како и врз основа на одлуките и заклучоците на другите тела. Работата на директорот како педагошки раководител се темели врз следните активности:

- Програмирање на работата во Домот.
- Работа на стручните органи
- Педагошко инструктивена работа.
- Соработка со училиштето, родителите и институции
- Работа на органи на управување.

- Организационо - материјална проблематика
- Нормативна дејност.
- Соработка со општествената средина.
- Соработка со советот на родители.
- Извештајност и информативност.

## ПЕДАГОШКО - ПСИХОЛОШКА ДЕЛНОСТ

Во домот не се пополнети работните места педагог и психолог. Одредени задачи што произлегуваат од педагошко-психолошките потреби во воспитно-образовната работа во Домот, ќе се реализираат со помош на психологот од центарот

вНико Несторг Струга. Во Домот ќе се води пропишаната педагошка документација и евиденција предвидена со Програмата за работа на ученички и студенски домови на РМ.

## РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ

Совет на воспитувачи.

Овој стручен орган ќе третира прашања од консултивен аналитички и договорно оперативен карактер.

- Разгледување на извештајот за воспитно - образовната работа на Домот. Рок - 10 септември.

- Разгледување на Годушната програма за работа на Домот.
- Разгледување на постигнатиот успех и поведение на учениците.
- На крајот од секој класификационен период и крајот на учебната година.
- Информација за работа на домската ученичка заедница.
- Информација за работата на библиотеката на Домот.
- Советот на воспитувачите во ова учебна година ќе работи две стручни теми:
- Мировно образование и разрешување на конфликти.
- Средно школскиот Домот безбедно место за престој, учење и развој.

## ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2022/23 год.

АВГУСТ

1. Подготовка за изготвување методолошка концепција за годишната програма на Домот, работоводниот орган, педагошко инструктивна работа на работниот орган и годишна програма за работа на стручниот колегиум.
2. Подготовка за првиот состанок на стучниот колегиум како и сопствена подготовка на истата.
3. Конструктивна анализа на годишниот извештај за работата на Домот во споредба со истиот од минатата година (Цел: согледување на севкупните разултати и надминување на констатираните слабости и пропусти).
4. Припрема на спалните и другите простории за прием на учениците.
5. Индивидуални и колективни разговори од стручно педагошки карактер и размена на мислење со воспитувачите во врска со планирањето и програмирањето на добиените задолженија.

17.

СЕПТЕМВРИ

1. Подготовка и прием на учениците во Домот.
2. Изготвување на годишна програма на Домот, работоводниот орган, стручниот колегиум и педагошко - инструктивната работа на работоводниот орган.
3. Индивидуални, стучно - педагошки разговори со воспитувачите (Цел: тематските планирања и дневната подготовка).
4. Индивидуални и групни консултации со воспитувачите и учениците во врска со планирањето и програмирањето на слободните ученички активности и организирање на учениците.
5. Помош во планирањето, програмирањето на организацијата на програмската задача од подрачјето општествено корисна работа заштита и унапредување на човековата околина, животнасредина, хигиената, естетски изглед на Домот, ходниците и домскиот двор.
6. Активности поврзани со денот на самостојноста на Република Македонија.
7. Усвојување на годишната програма на Домот.
8. Изработка на инстументи за анализа на оделни проблеми и појави (анкетни скали за процена, евиденциони листови)

ОКТОМВРИ

1. Индивидуална работа со учениците.
2. Следење и проучување на воспитната практика во Домот.
3. Активно учество во реализација на општествено-корисната работа.
4. Увод во педагошката документација односно евиденција на дневниците за работа на воспитувачите.
5. Соработка со учениците.
6. Собирање податоци и информации (анамнестички) од родителите значајни за унапредување и следење на развојот и напредувањето на учениците - советодавна и педагошка работа со родителите.

НОЕМВРИ

1. Организирање дебатни состаноци со учениците.
2. Работа со ученичкото самоуправување.
3. Анализа на воспитната работа во Домот.

4. Подготовка за одржување на стучниот колегиум на Домот.

5. Индивидуални разговори со учениците кои појавиле изразито асоцијално поведение ( Цел: дијагностицирање на причините за социјалното поведение и одстранување или намалување на причините кои резултираат во Домот.

6. Посета на воспитната група ( увид во формите, содржините на работата.

7. Изготвување инструмент, анкетен лист за прибирање податоци на тема школски страв.

ДЕКЕМВРИ

1. Соработка со родителите

2. Организирање на колективно педагошки-психолошки усовршувања на воспитниот кадар.

3. Стручни разговори со воспитувачите во врска со водење на педагошката евиденција и документација.

4. Следење и проучување на развојот на учениците.

5. Помош на организацијата и реализација на културно-уметничката програма во часот на дочекот на Нова Година.

6. Подготовки на четвртиот состанок на стручниот колегиум.

7. Разработка и презентирање на стручна тема социјално емоционална експанзивност на учениците.

ЈАНУАРИ

1. Изготвување извештсај за успехот и однесувањето на учениците во првиот класификационен период во полугодие.

2. Изготвување материјал за одредени слабости на работата на воспитувачите и утврдување марки за одстанување на објективните и субјективни причини.

3. Непосредни разговори со родителите на оние ученици кои покажале изразито слаб успех и монжност за нивно подобрување.

4. Комперативна анализа на програмските задачи што сепредвидени со плановите и програмите и оние што се реализирани- регистрирани во педагошката евиденција (анализата ќе беде предмет на стручниот колегиум).

5. Подготовка за петиот состанок на стручниот колег.

6. Подготовка за програмските задачи во 2-то полутоди

7. Стручна расправа вМестото на педагошко - психолошката) дејностг во перманентното и стручното оспособување на воспитувачи.

ФЕВРУАРИ

1. Работа со домската заедница на учениците.
2. Помагање на воспитувачите при реализација на одредени програмски барања.
3. Учество во реализацијата во одредени програмски содржини.
4. Следење, истражување, проучување и воведување на иновации во работата на учениците.
5. Подготовки за одржување на шестата седница на Стручниот колегиум.
6. Професионално воспитување и следење на учениците од завршните години.

М А Р Т

1. Работа со учениците кои имаат тешкотии со однесувањето.
2. Посета на воспитна група (Цел: реализација на програмата).
3. Учество во подготовките на секцијата од културно забавен и слободни активности за прославата за 8-ми Март.
4. Индивидуални и групни разговори со воспитувачите и учениците за однос меѓу себе.
5. Подготовка за седмата седница на стучниот колегиум

А П Р И Л

1. Увид во реализација на програмските задачи на стручниот колегиум и евидентирање на истата.
2. Изготвување извештај во врска со испитувањето вВлијание на Домотг (Воспитно образовни фактори) во културното однесување на учениците во Домот и надвот од него).
3. Учество во подготовките за прослава на денот на просфетни работници.
4. Учество во работата на економската комисија на Домот.
5. Подготовка за увид во работата на стручните работница во Домот, библиотекарот, секретарот и др.

20.

6. Индивидуална работа со учениците.

7. Подготовка за одржување на осмата седница на стручниот колегиум.

М А Ј

1. Учество во изборот за најдобрите ученици во Домот.

2. Учество во организацијата и реализацијата на завршните активности на матурантите.

3. Увод во педагошката документација на двевнице за работата.

4. Изготвување извештај по проектот вСостојби и проблеми бо оценувањето и напредувањето на ученицитег Цел:извештајот е предмет на стручниот колегиум, а е изработен во училиштето).

5. Стручни разговори со педагошките воспитувачи посочување стручна литература на самоусовршување со цел надминувањена одредените пропусти.

6. Подготовка за девета седница на стручниот колегиум.

Ј У Н И

1. Изготвување годишен узвештај за успехот на воспитаниците.

2. Анализа на целокупната педагошка документација и евиденција (Цел: идентификација на проблемите кои треба да се разрешуват односно да најдат место во наредната програма за работа).

3.Самоусовршување- проучување литература за најновите достигнувања од областа на планирањето и програмирањето.

4. Подготовка за организирање на десетаата седница на стручниот колегиум.

5. Успехот на учениците и нивната социјална структура и анализа на добиените податоци.

6. Завршни припреми пред почетокот на туристичката сезона.

УД.БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ

Одговорно лице
Енис Зиба

Арх.бр 03-484
Дат. 13.09.2024 год.

УПРАВЕН ОДБОР

Председател

ЈЗУ ЗА УЧЕНИЧКИОТ КОНВИКТ ПРОСВЕТНО ВОСПИТНА
"Б. МИЛАДИНОВЦИ" "V. MILADINOVCI"
Број: 03-48/1
13.09.2024 година
Струга Strugë

## Записник бр.=1

Од средбата одржана на 13.09.2024 година во студентскиот дом „Браќа Миладиновци" во Струга, во 12:[illegible] часот, со овој дневен ред.

**Дневен Ред :**

1. Читање и одобрување на записникот од претходниот состанок.
2. Разгледување и одобрување на програма за работа во дом за 2024/25 година .
3. Разно

.

Отворањето на состанокот го направи претседавачот на управниот совет г-дин Фејзи Зиба, тој ги поздрави присутните и го постави дневниот ред на гласање каде сите учесници се согласија.
И да почнеме со првата точка од дневниот ред каде сите учесници се за првата точка од дневниот ред.
Да почнеме со втората точка од дневниот ред, каде што претседавачот праша до каде е систематизацијата на учениците и до кога важи конкурсот за прием.
Директорот на ученичкиот дом зеде збор и елабораше за работата на одмор каде интервениравме во собите, ходниците и моментално се уште се работи на бањите и тоалетите и се надеваме дека ќе бидат покриени до крајот на неделата .
Исто така нагласувам дека од 15 август почнавме да примаме ученици и заедно со воспитувачите да се срекаваме со родителите. Во моментов имаме 88 ученици и се уште ја чекаме гимназијата Јахја Кемал
Советот г-дин Инает Дани кој му честита на директорот за работата и даде предлог учениците и професорите да бидат на услуга на двете училишта и за време на паузата да ги задоволат потребите од храна на двете училишта бидејќи тоа е идеално место за сите и ангажирање на некои други работници во кујната.
Господине Фејзи Зиба за месец септември гласајте го планот за работа со 88 студенти кои се испратени во министерството, а за следниот месец ќе видиме дали ќе дојдат или не студентите кои се пријавени и ќе види го тоа
Од присутните беше изгласана годишната програма за работа за учебната 2024/25 година.

За третата точка никој нема што да додаде и тука е крајот на средбата.

## Procesverbali nr.=1

Nga mbledhja e mbajtur më datë 13.09.2024 në konviktin „Vëllezërit Milladinovci",në Strugë, në ora 12:[illegible], me këtë rendë dite.

**Rend dite:**

1. Leximi dhe miratimi i procesverbalit nga mbledhja e kaluar.
2. Shqyrtim dhe miratim i programit per pune ne konvikt per vitin 2024/25
3. Të ndryshme.

Hapjen e mbledhjes e beri kryetari I keshillit drejtues z.Fejzi Ziba, I pershendeti pjesmarresit dhe e vendosi rendin e dites ne votim ku te gjith pjesmarresit jane dakord.
Dhe fillojme me piken e pare te rendit te dites ku te gjithe pjesmarresit jane pro pikes se pare te rendit te dites.
Fillojme me piken e dyte te rendit te dites ku kryetari pyeti se deri ku eshte sistematizimi I nxenesve dhe deri kur vlen konkursi I pranimit. Fjalen e mori drejtori I konviktit dhe elaboroj per punen gjate pushimit ku eshte intervenu ne dhomat, koridoret dhe aktualisht punohet te banjat dhe toaletet dhe gjithashtu theksoj se qe nga 15 Gushti kemi filluar me pranimin e nxenesve dhe takim me prinderit se bashku me edukatoret. Per momentin kemi 88 nxenes dhe ende presim nga shkolla e mesme Yahya Kemal
